... Комунална хигиена ...
...rmarria publike Higjiena komunale - Sk...
Скопје 12-07-2023

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 3294 | | |


**До: ЈП Комунална хигиена Скопје**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ___/______
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **Кривични пријави (со заштитени лични податоци) поднесени од страна на ЈП Комунална хигиена или од одговорните лица на претпријатието доставени до МВР/Јавно обвинителство во периодот 01.05.2023 – 12.07.2023**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил:**
- д) друго ________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 12.07.2023 година .** ________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup

Број/numër 03-3294

Дата/data 24-07-2023

ЈП Комунална хигиена – Скопје врз основа на член 20 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19), постапувајќи по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од заведено под број 03-3294 на 12.07.2023 година, **СЕ ОДБИВА** .

## О б р а з л о ж е н и е

преку електронска пошта поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побара по e-mail да и се достави електронски запис на следните информации ,**цитирано:**

-*“Кривични пријави (со заштитени лични податоци) поднесени од страна на ЈП Комунална хигиена или од одговорните лица на претпријатието доставени до МВР/Јавно обвинителство во периодот 01.05.2023-12.07.2023”.*

Постапувајќи по горенаведеното барање за пристап до информации од јавен карактер, во текот на постапката на спроведување на тест на штетност заклучено е дека бараната информација претставува заштитен интерес и исклучок од слободен пристап до информации, во согласност со член 6 став 1 точка 4 од ЗСПИЈК, дека обезбедување пристап до бараните кривични пријави (со анонимизирани лични податоци) во кои се содржани евентуални информации и докази кои може да алудираат на одредени субјекти во кричичната постапка може да предизвика штета, нарушување на сигурноста и безбедноста на информациите и доказите т.е. нивно компромитирање, како и нарушување на принципот на еднаквост на страните во судскиот процес, или, прераното дозволување на пристап до бараната документација би можело да го наруши соодветното утврдување на фактите со што би можело да се здобие со корист субјектот кој е предмет на прекршочната или кривичната постапка.

Предметните информации ќе бидат јавно достапни откако ќе се заврши истражната постапка и ќе се донесе конечна одлука од страна на надлжните фактори.

Одлучено е како во диспозитивот на ова Решение .

**Правна поука**:Против ова Решене барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер,во рок од 15 дена од денот на приемот.

**ЈП Комунална хигиена – Скопје**
**Директор**

**Косана Николиќ - Мазнева**